# ЕИС - БИЛТЕН

## Ноември - декември, 1995 година

Избор на текст: Мирко Спироски
(mirkos@informa.mk)

### Модератори на конференциите на ИнФорма ЕИС:

0. Приватна пошта (без модератор);
1. ИнФорма ЕИС - Костадин Граматиков;
2. ИнФорма - Арменд Салиу;
3. Новости (без модератор);
4. Разно (без модератор);
5. Интернет e-mail (без модератор);
6. Интерна (за модератори на ИнФорма ЕИС);
7. Отпад (за модератори на ИнФорма ЕИС);
8. MAKEDON discussion list - Борис Шопоски;
10. Хардвер - Гунтер Кубе;
11. Софтвер - Златко Цеков;
12. Комуникации - Огнен Фирфов и Грозда Бузалкова;
13. Хумор - Александар Ристоски;
14. Научна Фантастика - Владимир Симовски;
15. Македонска информатика - се бара модератор;
16. Програмирање - Климент Андреев;
17. Култура - Петар Чичев;
18. Наука - Елизабета Лазаревска и Златко Черепналкоски;
19. Игри - Костадин Граматиков;
20. Политика - Мирко Спироски;
21. Списанија/Книги - Петар Кајевски;
22. Купувам - продавам - Здравко Стафилов;
23. Спорт - Здравко Стафилов;
24. Оперативни системи - се бара модератор;
25. Трибина - Форум - Димитар Гроздановн;
26. ЦД-РОМ сцена - Зоран Јермилов;
27. Музика - Ѓоко Мишковски;
28. Без_Врска (без модератор);
29. OS_Unix/Linux - Огнен Ивановски;
30. Групи (експериментално) (без модератор);
31. Adult - Ана Кајевска;
41-49. Комерцијални конференции;
50. СИДА - AIDS - Горан Весов;
100-159. U'NI-net конференции (без модератор);
200-244. YU-Internet конференции (без модератор).

## 1. ИнФорма ЕИС

| | |
|---|---|
| From | : ANDREJ BOGDANOV |
| Number | : 6941 of 7011 |
| To | : ALL |
| Date | : 18/12/95 19:15 |
| Subject | : sysop, bbs i kritiki |

По вчерашното преминување на ИнФорма ЕИС од состојба на ограничена демократија во состојба на привремена анархија ај и јас да го кажам своето:

* ДиноГ беше одличен SysOp и камо среќа следниот да прави за ИнФорма 50% од она што ДиноГ го направи или се трудеше да го претвори од идеја во реалност; (е сега, баш ова 50%...:-) )
* Добронамерните реплики на понекогаш милитантните критики кои се однесуваа на ИнФорма ЕИС, ДиноГ и МиркоС помагаа некои по малку деструктивни идеи да се претворат во корисни потфати.
* И јас својата едногодишна претплата ја должам на една благородна идеја на ДиноГ, поддржана од МиркоС.

И, уште пред да знам кој е наследникот, да посочам на некои од главните проблеми кои ќе треба да се решат во иднина:

* CD-ROM проблем;
* Модератори на конференции - освен неколку од нив кои поттикнуваат дискусии доста често, останатите мудро молчат. Тука би го спомнал долготрајното отсуство на тема за дискусија во конференцијата Култура и некои други, кои би требале да се почесто активни, бидејќи теми за разговор секогаш има;
* Во конференција Разно во последно време одат пораки чие место би требало да биде или Музика (Т-Фест), или СофтПрог (смартдрв).

Пред ова да премине во навика, не би било лошо да се средат повеќето вакви неправилности.

## 2. ИнФорма

| | |
|---|---|
| From | : VLADIMIR SITNIKOVSKI |
| Number | : 1901 of 1929 |
| To | : ALL |
| Date | : 30/10/95 00:17 |
| Subject | : Informa - PC World Mak. |

Гледам во оваа конференција поодамна нема ништо кажано, па читајќи некои делови од PC World Mak, дојдов до заклучок дека сепак треба нешто да се каже. Најпрво би сакал да ја охрабрам редакцијата на ИнФорма и да ја поттикнам што е можно побрзо да го издаде својот следен (од моја страна) долгоочекуван број. Имено, денес, како еден од неоптеретените денови, имав малку време подобро да ги разгледам првите 6 броја на PC World Mak., што ги добиваме во посредство на Министерството за наука, и да ги споредам со ПРЕКРАСНИТЕ 17 броја на ИнФорма. Другите броеви на PC World Mak не сум ги добил, или не се пратени или залутале некаде во погрешна фиока.

Сигурно се запрашувате во што се состои убавината на ИнФорма!

Не велам дека општо PC World Mak не чини, се разбира дека е за голем поздрав што ни овозможи да не се мачиме да го преведуваме она што делумно е кажано во PC World Usa или BYTE, но насловот "Нешто поинаква компјутерска школа" напишан на многу ниско ниво проследен со безброј уличарски изрази, овозможува постепено ова списание да го губи рејтингот спрема читателот.

Не ми е воопшто јасно, со оглед на големото искуство на Јачоски, по странските ЕИСи и општо во информатиката, како можел како уредник да го одобри овој наслов и покрај тоа што истиот чинам беше одбиен и од МИПС и од ИНФОРМА (не сум сигурен, но авторот споменува некои редакции). Во насловот уште повеќе среќаваме апсолутно неточни и несватени термини, разни провокации спрема читателот, извинувања од секој минат број како грешката била случајна, бистрење политика спрема "шефовите", спомнување имиња на овој или оној од работа, и тн., сето тоа заокружено со неколку збора спрема темата: ОТКРИВАЊЕ "ТОПЛА ВОДА" ШТО ДОАЃА СО СЕКОЈ ПРОГРАМСКИ ПАКЕТ ВО ИЗОБИЛИЕ НА ЕДНОСТАВНИ ПРИМЕРИ... Тешко на тој што ќе ја посети оваа "ПОИНАКВА КОМПЈУТЕРСКА ШКОЛА".

За другите не знам, но мене ми дојде да ги скинам тие листови и да ги фрлам во корпа за отпадоци, како што и самиот автор кажува дека ова го направил со повеќето од нив :))).

ОВА ВО ИНФОРМА, БАРЕМ ДОСЕГА НЕ СУМ ГО СРЕТНАЛ !!!!!!!!!!!!!!!!!

Драга редакцијо на ИНФОРМА, Ве молам во мое име и во името на моите истомисленици да продолжите со весникот и да не се потпи-рате многу на ЕИС-от, затоа што ќе дојде времето кога и него ќе го изгубите. Впрочем ЕИС-от Ви беше споредна работа колку што успеав јас да Ве разберам на самиот почеток. И покрај многуте списанија во СР Србија, "Računari" е сеуште меѓу најчитаните часописи. Не е воопшто тешко да се дојде до причината зошто е тоа така... PC World Mak, може вода да Ви

носи, во делот на македонските автори, а што се однесува на новитетите во светот, и тука не сте ништо полоши.

Ситник

*П.С. Имаше мое право да го објавите овој напис во следниот број со евентуални Ваши измени, но смислот на пораката да биде својствен на мојата идеја, разбира се каде ќе оцените дека е потребно или во рубриката "писма од читателите".*

## 3. Новости

| | |
|---|---|
| **From** | **: KLIMENT ANDREEV** |
| **Number** | **: 1214 of 1250** |
| **To** | **: ALL** |
| **Date** | **: 21/11/95 18:45** |
| **Subject** | **: 17-ti Comdex** |

Постарите читатели на "Рачунари" сигурно се сеќаваат на Јелена Пупник или тн. "хакерска мајка". Еве што пишува во нејзиниот напис за Comdex. Текстот е објавен во Време, а најинтересните моменти ви ги пренесува чомбе. ;)

... Вест која званично не е објавена. Три дена пред почетокот на саемот (09.11.95), една од најголемите издавачки куќи Ziff-Davis е купена од јапонската компанија Sotbank Codex, кои се највеќе заинтересирани за американското издание на PC Magazine, додека судбината на не толку профитабилните европски изданија, сеуште е неизвесна...

... Novell непосредно пред почетокот на саемот објави дека има намера да го продаде WordPerfect кој го купи пред неполна година. Ова е една од најврелите вести на Comdex. Причина за оваа опасна најава се наоѓа во два различни процеси. WordPerfect убедливо ја изгуби борбата со MicroSoft на полето на Office пакетите, а со самото тоа предизвика и значаен финансиски губиток за Novell. Од друга страна, очигледно е дека Windows NT полека освојува значајни позиции на пазарот и така станува озбилен натпреварувач на Novell-овите мрежни пакети. Novell затоа мора да ги концентрира сите свои развојни и маркетиншки сили за да ги поддржи клучните производи на пазарот... Исто така, се шушка дека IBM е најблиску до тоа да го купи WordPerfect од Novell.

... Diamond непосредно пред Comdex ја купи познатата германска компанија Spea. Matrox исфрли нова верзија на својата успешна графичка картичка Millenium, овојпат со хардверски MPEG адаптер, а S3 и Hercules претставија неколку картички со интегрирани MPEG и 3D опции.

... цените на CD-ROM драјвовите паднаа толку драстично, така што некои помали произведувачи мислат да се преструктуираат, бидејќи профитните стапки се толку ниски, така што само масовно производство и исклучително брзи драјвови носат профит. 4X и 6X драјвовите имаат цена од околу 200-300 УСД..."

чомбе

## 4. Разно

| | |
|---|---|
| **From** | **: IGOR ISAKOVSKI** |
| **Number** | **: 8709 of 8728** |
| **To** | **: ALL** |
| **Date** | **: 23/12/95 11:22** |
| **Subject** | **: T-fest** |

Еве, одат дискусиите на тема "Архангел на Т-Фест" и никој ништо позитивно да каже... Јас лично не бев на фамозниот Т-Фест (поштедете ме од реплики од типот "што си пропуштил" "ти си луд" и слично). Арно ама, кога Архангел се појавија пред неколку години, беа нешто навистина посебно. Тоа беше периодот кога на градов и на Републикава и требаше токму таква музика, и момците баш добро го направија сето тоа. Нема да дискутирам за квалитетот, тоа е видување што - во овој момент - не сакам со никого да го делам. По Леб и Сол, се појавија бендови од типот на пр., Падот На Византија, па потоа следеа на пр. Lola V. Stein, па на пр. Мизар (редоследот не е битен во овој момент), ги дочекавме и Архангел, па Анастасиа по неколку години постоење снимија CD... И, што сега??? Јас не бев чул за Dog Eat Dog, иако баш се трудам да слушнам сѐ што е ново, ниту бев чул за Liquid Limbs...

OK, не може сите да знаеме сѐ, но колку од луѓето на Т-Фест знаеја сѐ за сите бендови, колку од нив имаа касети, плочи, CD-а дома? Малку, според претходните дискусии:(( Се пишуваше нешто за помодарство... Па, не сум баш сигурен дека во ова плукање по Архангел нема помодарство:(( Што се случува: момците немале добра свирка. И? што од тоа? Дали на сите нам секој ден ни е успешен??? И, дали она што е успешно за нас во нашиот ден е успешно и за другите??? Тоа е само прашање на критериуми, нели? И, ајде сега, ќе вежбаме стискање Р, па ќе плукаме по Архангел... Тажно. Можеби грешам, (а тоа само времето ќе го покаже), но, ми се чини дека Архангел ќе постои многу повеќе од на пр. Dog Eat Dog... Ова само како пример, мислам дека ме разбирате ;%))...

Сега одам на пиво, :))

Вампир

## 8. MAKEDON

| | |
|---|---|
| **From** | **: ATOMIX!LSE.AC.UK!D.JOVIC** |
| **To** | **: ALL** |
| **Subj** | **: Macedonian Parties** |
| **Numb** | **: 1815 of 2048** |
| **Date** | **: 25/11/95 15:08** |

Hi to everyone,

I am a new participant in the net, originally from Zagreb but at the moment in London, studying at the London School of Economics and Political Science. I would be interested for all news about Macedonian political parties. It is because I am currently preparing my doctoral thesis about parties and party systems of post-Yugoslavian states. A part of my research project will certainly include Macedonian parties and party systems. Although I am mostly concerned with a present parties in all five (six) post-Yugoslavian states, I will also have a introduction about the political tradition in all of them. That means that any suggestion or information about the history of party formation in Macedonia will be welcome too.

There are several seminars going on here about Macedonia and I am usually attending them. Discussions are usually tolerant, even when the views are completely different. Some friends of mine are Macedonians, and other are working on Macedonia. I will certainly visit Macedonia next year to make some field research about parties and its party system.

So, if there is any interest in being in touch with me, please write me on the e-mail address: D.Jovic@lse.ac.uk I will be glad to receive any message. Of course, you can write in Macedonian language - I do understand everything, but unfortunatelly do not speak or write Macedonian yet. (I will try to find some place here to learn it properely, but in the meantime - you just tell me would you prefer me to write in English or in Croatian/Serbian/Bosnian/Montenegrian...)

OK.

Thanks a lot,

Yours,

Dejan Jovic, London






## 10. Хардвер

| | |
|---|---|
| From | : DARKO ANDREEVSKI |
| Number | : 5782 of 5800 |
| To | : DIMITAR NIKUSEV |
| Date | : 21/12/95 14:50 |
| Subject | : Intel vs AMD |

DN>ZS>Дали вреди поише да се земе Intel (R) DX4/100 или AMD DX4/120?
DN> AMD DX4/120

Кога сме веќе кај AMD DX/120... Пред некој ден земав на тестирање DX/120 Write Back CPU.. Под DOS (Windows (95)), супер.. Брз, поуздан, милина една.. Меѓутоа подLinux имав проблеми.. Најверојатно се буни нешто поради Write Back cashe-от, и поради тоа не можев да го искомпајлирам кернелот никако.. За да бидам сигурен дека не е нешто друго, пробав неколку пати во идентични услови со 120-ката, и со 100-кава што ја имам.. Со 100-ката си пројде без проблем, а на жалост не успеа ни еднаш со 120-ката..

Заклучок.. Ако не намеравате да работите со Linux скоро (бидејќи најверојатно ќе биде ова поправено со некоја нова верзија на Kernel-от), земајте Write Back 120 Mhz, нема да погрешите.. Меѓутоа, ако работите под Linux SEGA, тогаш ви останува Write Through 120 Mhz...

поздрав
окраД

## 11. Софтвер

| | |
|---|---|
| From | : DIMITAR NIKUSEV |
| Number | : 5389 of 5395 |
| To | : ALL |
| Date | : 25/12/95 16:56 |
| Subject | : WinWordVirus |

Вирус во Word: наречен WinWord Concept доаѓа во голем број на макроа и се закачува на Word документите. Пет датотеки го прават вирусот: "AAAZFS", "AAAZAO", "AutoOpen", "File Save As", "Payload". "Payload" датотеката се стартува празна, но подоцна добива "одредени" наредби да ги изврши. Вирусот веќе се продава на MS Windows 95 compability CD. Она што загрижува е дека со нормалните virus remover-и не може да биде откриен. Значи сега се ќе треба да се скенира. Исто така, може да се рашири и преку E-mail. Луѓето повеќе разменуваат документи отколку програми, што значи дека и вирусите можат на овој начин повеќе да се рашират. Microsoft веќе креира алатка за скенирање и е бесплатна.

Реф: Computer shopper 11/95
Rainbow

## 12. Комуникации

| | |
|---|---|
| From | : BRANKO AVRAMOVSKI |
| Number | : 3367 of 3449 |
| To | : ALL |
| Date | : 03/12/95 11:46 |
| Subject | : AT&T->Boca |

Веќе 4 месеци користам модем кој што го купив од УС и со кој доста се изнамачив. Модемот ми го пратија како Bocamodem 4DOS&4WIN. Меѓутоа, ако се погледа модемот без упатство или ако се отчука ATI од терминалот сè укажува на тоа дека овој модем е "AT&T 19200 data/ 14400 fax version 1.9x". Најголемиот проблем на овој модем е тоа што без драјвер не сака ни да се иницијализира, а камо ли да работи. Овој драјвер не е ни soft errorr corection ниту RPI протокол. Се работи за модем кој што нема вградено UART туку има софтверска емулација за него. Ова не ми смета особено, меѓутоа драјверот кој што доаѓа со него е КАМЕН. Има премногу големи барања. Особено тој за ДОС. Ако се користи некој 32 битен софтвер компјутеров збеснува и се ресетира, независно дали работам со модемов или не: битно е драјверот да бил еднаш ставен во меморија. Не можам никако да користам QEMM зота што кога драјверот ќе си го најде местото, компјутеров веднаш добива cold reboot.

Драјверот за WIN, пак, е посебна приказна за себе: Прави проблеми со fax (не ми е многу битно) и не може да се користи ДОС прозорец за комуникација. Што е најлошо, ако отиде таскот со comm програмот во background, престанува со работа. Не знам што ќе се случува ако се префрлам на WIN95, многу ќе ми смета ако не можам да користам ДОС comm програми.

Бидејќи документацијата е ОЧАЈНА и сите обиди преку Интернет да добијам нешто повеќе информации не вродија со плод, (особено ме изнервира што од Boca support упорно не ми одговараат на моите e-mail пораки). Ги предупредувам сите: НЕ КУПУВАЈТЕ МОДЕМ БЕЗ UART и ги молам сите оние кои ќе налетаат на информација за ваков тип на модем да ми ја проследат. Модемот се продава под име BOCA OnlineExpress 14400AI.

Бранко

*П.С. Особено ме нервира што не можам да го користам под Linux.*

## 13. Хумор

| | |
|---|---|
| From | : PETRIKA JANEKU |
| Number | : 1728 of 1748 |
| To | : ALL |
| Date | : 20/12/95 08:01 |
| Subject | : Dedo Mraz |

Драги Дедо Мраз,

Еве после скоро година дена повторно ти пишувам писмо....

Мама е добро, и одвај чека пак да те види, а тато уште од сега ја спрема пушката. Дедо избега со плавушата, а баба остана сама. Еве, до мене е сестра ми, со твојот лански новогодишен подарок, и моментално му дава да јаде. Го крстивме Драган.

Јас бев добар цела година, и само 53 пати годинава ја опцув мајката на комшијата ни. 3 пати му ја легнав ќерка му, додека за 4-от неуспеав, пошто ме начека само по гаќи и морав да бегам.

Инаку, и комшиката ни те поздравува многу, и се надева дека и кај неа годинава ќе ставиш нешто...

Јас за Нова Година сакам да добијам Pentium на133Mhz, соCD-ROM, со4GB SCSI диск,32MB RAM и колор монитор. Знаеш дека многу сакам да си играм на компјутер.

Сакам и нов модем на 14.4 и сакам........

Да му крахира WIN95 на комшијата.....

Те поздраву(&*^*&^*&&^%%$%$#^%$^%&-^%&^NO CARRIER

## 14. Научна фантастика

| | |
|---|---|
| From | : DIMITAR NIKUSEV |
| Number | : 590 of 606 |
| To | : BOJAN ANTIC |
| Date | : 20/12/95 03:01 |
| Subject | : Species |

BA>Дали некој го има гледано "Species" ? Тоа е, според мене, едно C00L филмче во кое на прашањето "Има ли таму уште некој или сами сме?" се одговара позитивно.

Тие што "постојат" добиваат една од нашите пораки, во која има податоци за човекот (including DNK info), и ни даваат RePLy. Во тој reply има рецепт за еден coctail "А ла човек-вонземјанин" односно, рецепт за мешање на човечка ДНК со вонземјанска. Американците (зар помисливте дека може да биде некој друг) успешно го прават овој coctail и тогаш coctailot прави ЦУМБУС. Другото ќе го видите сами(се надевам)....

Филмот има одлична идеја, добра екипа на глумци,но многу лошо напишано сценарио и реплики. Прилично малку е користена Virtual Reality (освен на крај). Можеби можеле да направат нешто слично на Alien вака е чиста бркотница без нешто повеќе СФ во себе.

Rainbow -




## 15. Македонска информатика

| | |
|---|---|
| From | : ZDRAVKO STAFILOV |
| Number | : 644 of 644 |
| To | : VLADIMIR SITNIKOVSKI |
| Date | : 25/12/95 02:37 |
| Subject | : InForma - OutForma |

VS=>Веднаш на првата страна ми паднаа во очи следниве зборови: "...На OLX-от не му е потребна проширена (EMS) или продолжена меморија (XMS)...", читајќи понатаму, објаснувано е како OLX-от ги користи овие два стандарди. Да не го тупам многу, би сакал прво Мјунем да го прашам која е проширена, а која продолжена меморија ?

Е ај да одговорам... :-) Сега баш ми падна во очи дека можеби и цел живот сум бил во забуна... Според мене она горе напишаното е сосема точно, коректно и непогрешно. :)

?MS - Memory Specification

EMS - "E"-то доаѓа од англискиот збор "Expanded" што значи раширено, _проширено_, развиено, зголемено... итн. Значи EMS, аналогно на преводот од оригиналниот англиски збор, е ПРОШИРЕНА меморија. (поточно, мемориска спецификација) (за дополнителни информации: речник, стр. 147).

А само процедурално, ЕКСПАНЗИЈА = ШИРЕЊЕ. Грешам?

XMS - "X-от доаѓа од англискиот збор "extended" што значи растегнато, развлечено, _продолжено_, оптегнато... итн. Значи XMS, аналогно на преводот од оригиналниот англиски збор, е ПРОДОЛЖЕНА меморија. (поточно, мемориска спецификација) (за дополнителни информации: речник, стр. 149)

А само процедурално, ЕКСТЕНЗИЈА = ДОДАТОК (ПРОДОЛЖУВАЊЕ). Грешам?

;munem

*П.С. Еј, Нора, йука и йи си йовикана! :) Ај белким и мене може да ми се "йадне" некој сајзер као на ФилийВ. ;)*

## 16. Програмирање

| | |
|---|---|
| From | : KLIMENT ANDREEV |
| Number | : 2211 of 2244 |
| To | : OGNEN IVANOVSKI |
| Date | : 14/12/95 20:20 |
| Subject | : Chitanje na boot |

Примерите ги пробав кај мене и компјутерот заглавува. Пошто немам многу време да го разглобам проблемот (Вампирот ме чека да му носам збирка поезија ;) еве еден краток совет. Пошто сакаш да го прочиташ серискиот број на хард дискот, имаш посебна функција за тоа, но недокументирана. Значи INT21, функција бр.69. Параметрите можеш да ги видиш во HelpPC. Единствен недостаток е што не работи под Windows.

Друга работа. Кај твојот пример, регистерскиот пар DS:BX покажува на бафер. Проблем е тоа што DS (Data Segment), му треба на Turbo Pascal, за да си знае кај си ги чува променливите, во овој случај, ret, BootSec итн. Значи пробај пред lea bx, BootSec, да ставиш push ds, а на излез после pop dx, стави и pop ds.

Трета и најважна работа. Еве што викаат некои шизици. "INT13h is the only service which has complete access to all parts of a hard disk." Значи, за**би INT25, користи си INT13h.

И за крај, "Чомбеве куќне чаролије". Како да прочиташ boot sector од хард диск.

```
uses dos;
var regs: registers;
buffer: array [1..512] of byte;
begin
 regs.ah:=0;      {Za A stavi 0, za B 1}
 regs.dl:=$80;    {za C $80, za D $80...}
 intr($13,regs);{Na izlez ako CF e
                  setuvan ima greska.
                  Skoro nikogas}
 regs.ah:=2;      {Ova e za chitanje.
                  Ako ah = 3, togas
                  pisuvawe} { WAT-!!!!!}
 regs.al:=1;
      {Parametrite vidi si gi od HelpPC}
 regs.-:=0;
 regs.cl:=1;
 regs.dh:=1;  {Stavi 0 za boot na disketa}
 regs.dl:=$80;
     {Isto kako disk/disketa. Vidi gore}
 regs.es:=seg(buffer);
 regs.bx:=ofs(buffer);
 intr($13,regs);
end.
```

На излез во buffer ти се наоѓа комплетен опис на boot sector.

Чомбе

## 17. Култура/Филм

| | |
|---|---|
| From | : IGOR ISAKOVSKI |
| Number | : 2294 of 2382 |
| To | : DIMITAR NIKUSEV |
| Date | : 20/09/95 16:29 |
| Subject | : Kanal 103 |

DN>Подобро да го направат во стилот на Б92. Во тој случај ја губат оригиналноста... Колку и да е добро тоа Б92, не се толку глупи да дозволат да бидат нечија копија...Тоа не смее да се случи..не со "нашата 103-ка" :-))))))))) Секако да имаат оригиналност, само таа да не се сведува преку навредување на сè и сешто...

Ми се чини дека 103-ка одамна не е наша. Го знам радиото од самиот почеток, и покрај сите трансформации, ми се чини дека последнава е најлоша. Не мислам на музиката, туку на говорната содржина. Во ред е да има вести на некој инаков начин (единствените вести што сакам да ги слушам), но ме п*з*и кога некој (било кој) ќе почне да пцуе полиција и останато, и да фура фазон "дрогата е cool". За жал имам многу ортаци што поминале низ дрога-сра*е, и многу добро знам како тоа изгледа. Втора работа: не ми се допаѓа, воопшто, кога некој ќе рече дека оној што не дошол на журката на 103-ка е out, надвор од фазон и слично, тоа е некој вид елитизам, што е една од основите на фашизмот. (За подетални појаснувања, прочитај "Маргина" 19-20, Умберто Еко). Тој елитизам е, всушност, скопскиот снобизам, кој постоел и ќе постои. Единствена новост е што со 103-ка почна да постои и во медиумите. На ова место морам да изјавам дека немам НИШТО против кој било од 103-ка. Повеќето од луѓето ги познавам лично, и, во принцип, ништо не им фали. Не знам дали прочитавте интервју со Путица во ФОКУС. Човекот сака да биде водач на медиумска герила. Тоа е во ред, само постои еден проблем: како да биде герила кога МРТВ го финансира?

Igor1

## 18. Наука

| | |
|---|---|
| From | : FILIP VIDINOVSKI |
| Number | : 1469 of 1506 |
| To | : OGNEN IVANOVSKI |
| Date | : 08/11/95 02:43 |
| Subject | : Subjektiven idealizam |

OI>->И да се случи... Од кај знаеш дека ТОА пак не е само твоја умисла? Како мене ми изгледа јас можам да изнесувам теории и теории и пак сите да пропаднат во вода ако се запрашам "А нели сето тоа произлегува од мене?"

Да, и тоа е една, иако на прв поглед налудничава, сепак моќне сериозна филозофска теорија, околу која "кршеле глави" многу филозофи, почнувајќи од Горгија во антиката па се до Беркли.

Сепак, без никакви претензии да станам славен поради ова филозофско откритие :-) ми се чини дека теоријата "Јас=космос", т.е. солипсизмот е чисто логички неодржива. Еве и зошто:

Солипсизмот тргнува од претпоставката "Јас=космос", т.е. "во космосот не постои ништо друго освен Јас, бидејќи Јас сум космосот itself". Како што веќе покажавме во претходните пораки, основа за вакво верување и тоа како има во секојдневниот живот, бидејќи човекот може да сфати (и ќе биде сосем во право) дека за ништо не може да биде сигурен освен за сопственото постоење и за сопствените сетилни и интелектуални перцепции. Ако на ова се додаде и една ортодоксна позитивистичка нишка ("сето она што не може да се докаже - не постои") доаѓаме до горната претпоставка ("Јас=Космос").

Ваквото тврдење очигледно нема никакви потешкотии со самото себе. Проблемите настануваат кога ќе се проанализираат неговите последици. Прва последица на "Јас=Се_што_Постои=космос" е неограниченоста на Јас во просторот и времето. Зошто просторна неограниченост (бесконечност)? Затоа што ако Јас не е бесконечно, ако е ограничено, т.е. ако Јас не го зазема севкупниот простор, тогаш нужно мора да постои нешто што не е просторно опфатено со Јас, што е во директна колизија со почетната претпоставка "Јас=Се_што_ Постои".

Зошто временска неограниченост (вечност)? Затоа што доколку Јас не е вечно, туку настанало во одредено време во минатото, тогаш Јас нужно настанало од нешто друго. Нешто друго освен Јас? И тоа е пак во контрадикција со појдовната претпоставка.

Но, ете, да собереме доволна количина на храброст и лудост и да се сложиме во она што мораме, ако сакаме да бидеме доследни солипсисти, и да прифатиме дека Јас е бесконечно во простор/ /времето. Но тука наидуваме на клучната препрека која никако не можеме да ја преминеме доколку не сакаме да се огрешиме со логиката.

Заклучокот "Јас=Бесконечност_во_простор /време" има од своја страна една сериозна последица. Таа последица е исклучувањето на промените. Што значи тоа? Подигни ја раката и мавни со неа пред мониторот. Ти ГЛЕДАШ (перципираш, во тоа неможеш да се сомневаш!) движење, промена на положбата. Но, доследното спроведување на солипсизмот НЕ дозволува такво нешто! Зошто? Затоа што доколку Јас е бесконечно, т.е. позади него стои БЕСКОНЕЧНО многу време и простор, тогаш веројатноста ти да забележиш промена (мрдање на раката, било што...) СЕГА се еднакви на 0 (нула). Зошто? Затоа што веројатноста такво нешто да се случи во било кој момент во МИНАТОТО (а не СЕГА) е точно 1 (еден). Зошто? Па едноставно затоа што позади тебе има бесконечно многу простор и време и веројатноста било што да се случи во МИНАТОТО, а не СЕГА е 1, што значи дека таков настан СИГУРНО се случил во минатото (а не СЕГА), што значи дека ама баш ништо не може да ти се случи СЕГА. А ти јасно гледаш дека тоа НЕ е така, т.е. дека сите настани се случуваат СЕГА, не во минатото, нити во иднината.




Значи, солипсизмот, крајниот субјективен идеализам, е неодржив. Така јас мислам, а ако некој наоѓа логичка грешка во горните "пресметки" нека каже веднаш! Пред јавно да се обрукам на следната семинарска по Онтологија... :-)

ФилипВ

## 19. Игри

**From** : VIKING
**Number** : 805 of 849
**To** : ALL
**Date** : 05/12/95 14:14
**Subject** : LOZINKI

Еве ги лозинките за Vikings:

1.STRT 2.GR8T 3.TLPT 4.GRND 5.LLM0
6.FL0T 7.TRSS 8.PRHS 9.CVRN 10.BBLS
11.VLCN 12.QCKS 13.PHR0 14.C1R0 15.SPKS
16.JMNN 17.TTRS 18.JLLY 19.PLGN 20.BTRY
21.JNKR 22.CBLT 23.H0PP 24.SMRT 25.V8TR
26.NFL8 27.WKYY 28.CMB0 29.8BLL 30.TRDR
31.FNTM 32.WRLR 33.TRPD 34.TFFF 35.FRGT
36.4RN4 37.MSTR

## 20. Политика

**From : ZLATKO CHEREPNALKOSKI**
**Number** : 2037 of 2060
**To** : PETRIKA JANEKU
**Date** : 04/12/95 09:34
**Subject** : poternica

> Зарем не ви изгледа смешна потерницата на МВР ????

Потерницата и сето ова што се случуваше завчера во К. Вода е многу смешно и чудно.

1. Сликата е очигледно сликана во Полициска станица. Типот е до ѕид и очигледно уплашен и уморен.

2. Ако е сликата веќе сликана во полициска станица, нема шанси полицијата да незнае како се вика човекот.

3. Ако веќе еднаш бил во полиција на испрашување, поранешниот газда на АМИто 8 сигурно ќе го идентификувал. BTW, сликата ми изгледа баш како да е сликана во редот на осомничени за идентификација од сведоци и очевидци.

4. Најголема глупост е тоа што ако е сликава направена long time ago, како очекуваат типот сеуште да е облечен во истата сива тренерка :))))) Па нормален чоек се преоблекуваа 2-3 пати дневно, а не па некој што сака да се сокрие и да бега.

5. Се шират гласови дека типот го немало 3 месеци дома. Значи месец дена пред 3. Октомври го снемало. Ако ова се знае, тоа можеле да го потврдат само неговите домашни кои секако му го знаат името :))))))))

Сето ова може да е патка пред народот. Патки понекогаш се прават за да вистинските виновници мислат дека полицијата е на погрешна трага, но патка као патка барем треба да има логика во себе, вака, сите ќе се смеат.

Череп Аналитичар

## 21. Списанија/Книги

**From** : PETAR KAJEVSKI
**Number** : 424 of 431
**To** : ALL
**Date** : 18/12/95 02:27
**Subject** : Book Club

Веројатно сте слушнале за новоотворениот Book Club во Трговски на 3 спрат. За тие што не се запознаени со концептот на овие клубови на кратко ќе им објаснам дека се работи за зачленување со кое добива одреден попуст при купување на книги (во овој случај 20%, освен за изданија на некои куќи кај кои попустот е 15 односно 10%) со обврска за купување одреден број книги секоја година (во овој случај по една на секои три месеци). Значи исто како на "Запад" освен тоа што ги нема почетните 5 книги за 5 долари. ;)

Во клубот се специјализираат за нарачување на книги и списанија преку нив. За книги провизијата е 35% од каталошката цена, (што ќе му дојде повеќе од 50% поскапо од цена во поефтина книжарница на Запад) но за списанија е сосема прифатливите 10%, што со оглед на поштенските врски на Македонија е мала цена за да се има некој да му се качиш на врат кога нема да ти стигне списанието. :-)

Да не биде чиста реклама, морам да признаам дека бев малку разочаран од тоа што го видов таму. Во моментов (книжарницата е сè уште во фаза на средување) најмногу личи на проширен "Студентски збор" со сродни белградски и загребски изданија, и комерцијални изданија од белетристиката. Ни трага од најавите за некакво катче за љубителите на книгата.

Петар

## 23. Спорт

**From** : DRAGAN TOMOVSKI
**Number** : 1277 of 1294
**To** : DIME TUMBOV
**Date** : 22/12/95 16:58
**Subject** : FK Vardar

DT> DT> Дали некој друг го дели моето мислење дека против Вардар се вршат најразлични притисоци од секаков вид ? Да не набројувам примери ...

DT> Не да има притисоци, туку работава е апла. Со сите можни и невозможни средства се гледа како да го наместат во смисла на плаќање на казни, местење на утакмици... Па како може да го казнат 5000ДЕМ за тоа што навивачите во авионот за Бордо го навредувале Дончевски.

Ова за Дончевски ме изненади, а за Ѕинго е веќе нормална работа, сонцето изгрева, Ѕинго ки казнува Комитите зошто го пцуеле на трибините. Како во среден век, добро што некои не лежат во затвор.

А од друга страна, што е Вардар виновен што на неговите навивачи не им се допаѓа Ѕинго...

DT> Тешко дека Силекс ќе стаса до Лигата на шампионите. Прашање е дали првото коло ќе го помине.

Со ваков шеф, ништо не е невозможно. ;) И да стигне до првото коло, замисли колкав успех ќе биде тоа за Кратово. Освен ако не игра пак во Скопје. :...

DT> п.с. Не сум навивач на Вардар, можам само да кажам дека сум поранешен навивач на Ц. Звезда.

Не сум ни јас комита, само не можам да гледам неправди и деспотизам. Како ќе влеземе во 21 век ?

Томас

## 24. Оперативни системи

| | |
|---|---|
| From | : FILIP VIDINOVSKI |
| Number | : 612 of 629 |
| To | : ALL |
| Date | : 04/11/95 03:27 |
| Subject | : Win95 |

Ете, после еднонеделно интензивно дружење со Win95, би ги изнел, според мене, најважните впечатоци.

Прво и основно - доколку немате барем 8 MB RAM - не се обидувајте. Ќе изгубите нерви и време. Инаку, самиот Win95 и не е така бавен - напротив. За проба позајмив уште 4 MB RAM (тогаш добив вкупно 8) на мојов 386SX и работеше во најмала рака убаво. Посебно ме изненади брзината со која работеа старите 16 битни апликации како QXP3.1 или Word 2.0 - забележително побрзо отколку на Windows 3.11.

Новиот ОС навистина убаво "легнува" на хардверот, така што практично ја "цеди" машината до максимум. Буквално сите системски параметри можат да се подесат од самиот Windows што е едно битно обележје на вистински ОС, а не на некаков си гол shell. Device Manager-от е приказна за себе. Многу убави идеи, убаво изведени и финализирани.

За жал, старите Windows апликации не знаат да се снајдат со long filename-ите.

Исто така, не најдов начин да го "разбудам" CD-ROM драјвот (Sony CDU55A) откако ќе ги напуштам Windows. Any solutions?

Мултитанскингот е многу подобро решен отколку во старите верзии на Windows. На пример, во исто време копирав еден куп датотеки од CD-ROM на диск, на дискот распакував еден ARJ, форматирав две дискети (5.25' и 3.5') и вртев на ИнФорма без некое позначително забавување - и тоа на 386SX со 4 MB RAM. Конечно Windows можат да се користат како сериозен мултитаскер, а не само како алатка за DL во заднина.


INFORMA.GIF

Збирно кажано, самиот кориснички интерфејс, документ-ориентираноста, фолдерите, алиасите... се она вистинското. Не можев, а да не помислам "фала богу..." и да се почувствувам како по долго отсуство да се враќам дома. То all - така тоа се правеше на Mac и Atari уште во осумдесетите, кога го откривавте Norton Commander-от. Windows 95 дефинитивно го зацврснува Mac System x.x како _највлијателен_ графички ОС во историјата.

И уште еднаш: фала богу!

ФилипВ

## 25. Трибина - Форум

| | |
|---|---|
| From | : DIMITAR GROZDANOV |
| Number | : 1242 of 1293 |
| To | : ALL |
| Date | : 23/11/95 15:53 |
| Subject | : Pomodari |

Можеби и subj. не е адекватен, но што е, тоа е. Ако има идеи за промена на истиот широкоградо ќе ги прифатам.

Како испирација за оваа порака беше написот во денешна Нова Македонија, за пит-бул териерите. Накратко, се работи за фактот дека оваа раса на кучиња, познати по големата доза на агресивност која ја манифестираат кон други видови кучиња, а неретко и луѓе, е забранета за чување во Западна Европа. Ориентационо, во Франција, полицаец има овластување на лице место да ја изврши елиминацијата на овој вид куче. Да го оставиме на страна фактот, дека таму ако поседувате еден од видовите кучиња кои се наоѓаат на листите како потенцијално опасни видови, мораат да носат заштитна корпа.

Во текстот е наведено дека и во Белград, пред 2 години, по напад на едно девојче се забранети овој вид кучиња.

Е, сега стигнавме до последниот бастион, каде што е распространет култот на чување пит-бул териери - Р. Македонија.

Како луѓе, познати по тоа што ги следиме трендовите ширум светот, кои најчесто се најнегативни и најлоши од сите, сеуште 'слободно' се шетаат вакви кучиња, нормално, без соответни заштитни корпи. Веќе имаше еден случај, на Водно, кога 2 кучиња нападнаа деца, кои иако не беа од овој тип, сепак претставуваа потенцијална опасност, повторно без заштитна корпа, за околните минувачи и животни. Деновиве, во Карпош 3, имаше случај еден пит-бул да нападне едно куче леси. Меѓу другото, му било откинато едното уво и претрпело значајни повреди во областа на вратот, најверојатно поради тоа што питот (Не, не е нагалено:) цврсто се држел за истиот. Сопственичката на лесито, иако со сите сили, потпомогната со околни минувачи, се трудела да ги раздвои .... безуспешно. Не ми е познато што преземала сопственичката на пит-булот. Во еден момет имало и предлог да се викне милиција и да го убијат пит-булот на лице место, но на крај, сепак, успеале да ги одвојат. Понатаму, судбината на сите учесници во инцидентот не ми е позната, но фактот дека ова не е единствено куче кое се шета низ градот, водено од лице, кое како и во овој случај не може многу да стори, ако се реши 'миленичето' да нападне.

Што е поентата ??? Дали треба да чекаме да се случи напад врз некое дете, постар човек или некој од нашите блиски ??? Нели е време некои работи да се регулираат ??? Иако некој би ги дефинирал како ситници, нека му го објасни тоа на некој што е нападнат од такво куче.

Колку има вакви 'ситници', кои чекаат разврска, применување на решенија, закони, правила и сл., а никој не им обрнува ни најмало внимание ???

Чуден народ сме навистина, чуден.

YO! Dime

## 26. CD-ROM сцена

| | |
|---|---|
| From | : ALEKSANDAR KITANOVSKI |
| Number | : 38 of 51 |
| To | : BORJAN PANOVSKI |
| Date | : 07/04/95 01:38 |
| Subject | : CD Recorders |

BP>AK> Незнам дали се работи за истото ама читав (во BYTE мислам) дека PHILIPS

работи на HD CD-ROM кој на истиот дијаметар ќе може да се сними еден цел долгометражен филм. (околу 2 саати). Но ќе требаат специјални читачи за новите CD-иња.

Заедно со проспектите добив и еден CD-ROM на кој што пишува дека на него има 4.5 пати повеќе податоци, отколку на стандардниве CD-ROM ови. Се работи за HD CD-ROM. Во проспектите пишува дека со развивање на таа технологија може да се иде до 7 гига на CD-ROM.

Ачко

## 27. Музика

From : ZDRAVKO STAFILOV (Moderator)
Number : 847 of 913
To : KOSTADIN GRAMATIKOV
Date : 14/12/95 23:06
Subject : T festival

KG=>Prodigy - цареви...кој не беше, нека умре од мака... What we're dealing with here is a total lack of respect for the law... Кога ли ќе дојдат повторно? Ќе има ли нешто на TB? МунеМ, ќе има слики? Ај испофали се :-))

Ај не сакав, ама кога ме влечеш за јазик... :,,, Ете така јас си се ЗАПОЗНАВ СО ДЕЧКИТЕ ОД PRODIGY. Дури и со SOUND INGENEER-от. :-) Ај, да не го должам тука, ќе гледате слики од мене и Prodigy во (можеби оваа сабота. :-) А да, си се упознав и со GOLD BLADE, и RENEGADE SOUNDWAVE и со DOG EAT DOG, иако за овие последниве мислам дека Lt.Com. Tzeckof има мнооооооооогу повеќе да ни каже... Па, Цек, не се срами, кажи си, јас кога успеав да разберам... :-) Ми кажаа батките од DOG EAT DOG. Чудно, но LIQUID LIMPS никаде не ги видов зад сцената. Кај си беа само да знам?)

;мунем

## 29. OS_Unix/Linux

From : VLADO HANDZISKI
Number : 215 of 233
To : ILIJA JOLEVSKI
Date : 18/12/95 21:58
Subject : adduser

IJ> Имам проблеми во Linux со вметнувањето на нов корисник. Процедурата со Adduser си оди комплетно, и завршува без грешка. Е сега проблемчето стапува на сцена: кога ќе проверам (со finger или сл.) системот одговара дека нема таков user...?! НЕГДЕ ГРЕШАМ???

MaYo..

Влези во /etc и излистај го passwd фајлот и види дали постои линија која почнува со username-от кој си го додал, ако постои тогаш се било ok со додавањето на user-от. А ако проверуваш со finger, проблемот може да биде во соодветното (не)конфигурирање на IP адресите на host-от. Имено во /etc/hosts мора да има линија: 127.0.0.1 localhost local име_на_хостот. Ова под услов да си му дал име на системот....

Hanjo!

## 31. Adult (Возрасни)

From : RAINBOW
Number : 814 of 820
To : GREENY
Date : 26/12/95 04:10
Subject : Kako vie bi reagirale?

GR>Девојка и дечко. Интимна атмосфера. Работава е до таму дојдена што се одлучува дали ќе се смуваат или не. Се бакнуваат. Почнуваат да прават муабет дали ќе имаат врска или авантура. Типов ѝ вели на девојката "А бе, не знам за врска. Не се познаваме доволно..."

GR>Што е финтата? Обично девојките (да Филип, генерализирам) се оние кои доживуваат вакви работи...Типов е можеби срамежлив, несигурен, но дали можеби ТОЈ СЕ ПЛАШИ ОД ДЕВОЈКИ КОИ САМИТЕ ПРЕВЗЕМААТ ИНИЦИЈАТИВА?

Можеби. Веројатно има некои конзервативни сфаќања за врска. Кај нас се вели дека машкото треба да ја носи "играта", така да секој потег на женскиот дел е окарактеризиран како "недоличен", "девојката е курва" итн. Целта на повеќето мажи е да ја држат жената под нив и да ја контролираат за да си ги прикријат своите мани, предрасуди и стравови.

GR>И воопшто, како вие (до момците, нека ми прости female членството на ИнФорма ЕИС) се чуствувате кога девојката стапува во акција?

Прекрасно, бидејќи во тој случај девојката не се плаши од својата личност и знае што и треба и како да го добие.

GR>Пречи тоа што сега друг ги држи конците во рака или сакате и оставате да бидете заведени зашто ви е смачено од тоа, вие секогаш да сте оној кој го прави првиот чекор?

Дефинитивно е добро улогите да бидат еднакво распоредени, девојките да не осеќаат инфериорност, да чекаат наместо да го побараат она што го сакаат.

Rainbow




## 32. Рецепти

From : KLIMENT ANDREEV
Number : 37 of 40
To : ALL
Date : 24/12/95 13:09
Subject : Kokteli

Наскоро е Нова Година, па за "најлудата ноќ" кој сака добро да се "начука", нека ги проба следниве рецепти за коктели.

**Cocktail "СПУТНИК"**

1/4 коњак,
1/4 виски и
1/2 вотка

Се става во чаша за виски и се дополнува со tomato juice. Одозгора може да се "зачини" и со малку бибер. 2-3 вакви на екс, па и Вие ќе ги посетите непознатите свемирски пространства.

**Cocktail "ХАВАНА"**

2/3 рум,
1/3 бело вино,
1 лажиче лимонов сок и
2-3 коцки мраз (тврда вода што би рекол другар ми Ерол).

Се мешаат и се пие. ;)

Ај доста! Другите за Божиќ. :)

kann

## 34. Техника/Електроника

From : ALEKSANDAR ARSOV
Number : 8 of 27
To : ALEKSANDAR RISTOSKI
Date : 22/12/95 23:59
Subject : seckanje na zvuk :)

AR>Еве едно прашање. Што е причината кога ќе ја зголемам јачината на звукот, се слуша сецкање на звукот, т.е. звукот е со кратки прекини. Дали се слаби звучниците или се слаби излазите од засилувачот? Ова се случува кога се поизразени ниските тонови.

AR>BTW се работи за авто-радио-касетофон Блаупункт кој е приклучен на напојување од PC. Дали е можно и струјата која ја добива да е слаба. Иако на кукиштето пишува дека има напон 12V со 8A јачина. Не верувам дека радиото може да повлече повеќе од 3A.

Доколку има крчење тогаш импедансата на излезот од засилувачот и импедансата на звучникот не се усогласени (истото важи и за нивните моќности), но доколку доаѓа до губење на целиот звук, тоа значи дека нема доволно моќност изворот или нешто не е во ред со самиот засилувач, што е помалку веројатно, но не е лошо да се провери. Што се однесува до изворот за напојување, може да има некаква врска бидејќи тоа е дизајнирано за во автомобил, а таму има скоро идеален еднонасочен напон, додека овој од PC-то не е толку совршен, иако тоа не би требало да биде проблемот.

Арсо

E.O.T.